**20261321903**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за електронските комуникации,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

Бр. 08-4039/1
11 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Член 1

Во Законот за електронските комуникации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 135/25 и 269/25), во член 31 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција, кој се доставува и објавува согласно со Законот за Оперативно-техничка агенција, задолжително содржи и посебен преглед на реално настанатите административни трошоци и расходи за намените утврдени со Законот за Оперативно-техничка агенција, во делот во кој тие се финансираат од средствата од овој член, како и на вкупниот износ на средствата исплатени согласно со овој член во претходната календарска година.

(4) Доколку врз основа на извештајот од ставот (3) на овој член, се утврди разлика меѓу средствата исплатени согласно со овој член и реално настанатите административни трошоци од ставот (3) на овој член, таа разлика се коригира преку соодветно прилагодување при исплатата на средствата во наредната година.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година.

Првиот годишен извештај согласно со одредбите од овој закон, Оперативно-техничката агенција е должна да го изготви за периодот од 1 јануари до 31 декември 2027 година и да го достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно со рокот утврден во Законот за Оперативно-техничката агенција.